“Е В Р О П А“ – СКОПЈЕ
Ф-ка за чоколади,
вафли и бонбони АД ЦО
Бр. 0201/2356
14.05 2026 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 27,58,71 од Статутот на Акционерско друштва ЕВРОПА Скопје и член 455,456,457,459, 460 и 460-а од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на седницата одржана на ден 14 Мај 2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна

### Член 1

СЕ ОДОБРУВА, заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамки на редовното работење (купување, продавање, аванси, гаранции, шпедитерски услуги и организација на транспорт, организирана исхрана, користење на други услуги) АД ЕВРОПА Скопје да склучи голема зделка со заинтересирана страна ФЕРШПЕД АД Скопје со ЕМБС 4057465 и седиште на ул.Македонија бр.11а, по пазарни услови за слични видови на зделки.

### Член 2

Предмет на големата зделка со заинтересирана страна претставува :
1.1.АД ЕВРОПА Скопје како корисник односно купувач на стоки (суровини, амбалажа, канцелариски материјали, исхрана на вработените и дел од ХТЗ опремата) и услуги , а ФЕРШПЕД АД Скопје како давател односно продавач на стоки (суровини, амбалажа, канцелариски материјали, исхрана на вработените и дел од ХТЗ опремата) и услуги во вкупен износ од 278.500.000 денари и
1.2. АД ЕВРОПА Скопје како давател односно продавач на стоки (производи од асортиманот на АД ЕВРОПА Скопје), а ФЕРШПЕД АД Скопје како корисник односно купувач на стоки ( производи од асортиманот на АД ЕВРОПА Скопје) во вкупен износ од 1.500.000 денари.

### Член 3

Вредноста на секоја од горенаведените зделки поединечно или кумулативно за период од денот на донесување на оваа Одлука до одржување на наредно Годишно собрание на акционери нема да надминува износ од 280.000.000 денари во кој износ не е вклучен ДДВ, која вредност претставува 27,5 % од книговодствената вредност на имотот на друштвото определена согласно последните ревидирани финансиски извештаи за 2025 година и истата

согласно член 455 од Законот за трговските друштва и Статутот на АД ЕВРОПА Скопје претставува голема зделка.

**Член 4**

Одборот на директори ја утврди вредноста на зделката за што побара мислење од независен и овластен ревизор кое е содржано во Извештајот за разумно уверување во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна од БЕНД Ревизија и консалтинг ДОО Тетово.

**Член 5**

Се овластува Одборот на директори да ги превземе сите потребни активности за реализација на деловната соработка опишана во членот 1 и 2 од оваа Одлука.

**Член 6**

Со донесување на оваа одлука , Друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа Одлука согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.

**Член 7**

Оваа Одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение:**

Годишното Собрание на акционери на АД Европа Скопје на својата седница одржана на ден 14.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

Скопје, 14 Мај 2026 година

Собрание на акционери
на АД ЕВРОПА Скопје
Претседавач

-------------------------

"ЕВРОПА" А.Д. СКОПЈЕ